Врз основа на член 25 алинеја 10 од Статутот бр.07-124/2 од 11.02.2004 година и член 27 став 2 од Правилникот за формирање и работа на техничките работни тела на Институтот за стандардизација на Република Македонија бр. 02-2563/13 од 02.10.2008 година, Советот на Институтот за стандардизација на Република Македонија на продолжението на IV-та седница одржана на 02.10.2008 година донесе

# ПРАВИЛНИК

## за надоместокот за работа на Работните групи во Институтот за стандардизација на Република Македонија

### Член 1

Со овој правилник се пропишува надоместокот за работа на координаторот и членовите на Работните групи во Институтот за стандардизација на Република Македонија (во натамошниот текст: Институтот).

### Член 2

За успешно извршување на работите кои произлегуваат од делокругот на работа на Работните групи во Институтот им се исплатува надоместок на координаторот и членовите на Работните групи.

### Член 3

Надоместокот на Работната група ангажирана за стручна проверка на работен текст на македонските стандарди и другите стандардизациски документи и подготовка на стручни материјали и анализи по одделни технички прашања од потесен карактер, подготовка на национални параметри, анекси и анализи на конфликтни и неприменливи македонски стандарди изнесува 1.500,00 денари од ден.

Бројот на потребните денови и рокот за извршување на работата се утврдуваат со налогот за работа согласно член 24 од Правилникот за формирање и работа на техничките работни тела на Институтот за стандардизација на Република Македонија.

Вкупниот надоместок за извршување на работата се распределува на следниот начин: 20% добива координаторот, а 80% добиваат членовите што ја извршиле работата според доставениот извештај.

**Член 4**

Надоместокот на Работната група ангажирана за стручна ревизија и терминолошко усогласување на превод на текстови и листи на наслови на меѓународни и европски стандарди и други стандардизациски документи, изнесува 400,00 денари за 1.500 карактери по една страна без празни места.

Вкупниот надоместок за извршување на работата се распределува на следниот начин: 20% добива координаторот, а 80% добиваат членовите што ја извршиле работата според доставениот извештај.

**Член 5**

Надоместокот кој им се исплатува на Работните групи за извршување на работата е определен во бруто износ.

Координаторот заедно со извештајот за работа на Работната група во случаите на член 3 и 4 на овој правилник, поднесува и извештај за завршената работа врз основа на кој се изработува решение за исплата на надоместок за извршената работна задача.

Исплатата на надоместокот нема да се изврши доколку координаторот и членовите не ја извршат работната задача односно доколку постапат спротивно на член 26 од Правилникот за формирање и работа на техничките работни тела на Институтот за стандардизација на Република Македонија.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Советот на ИСРМ

Проф.д-р Константин Бахчеванџиев